# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 313** **29 декември 2020, вторник** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4282. | **Уредба** за изменување и дополнување на Уредбата за критериумите, начинот на давање и примање на дарови, пријавување на даровите, начинот на процена на даровите, начинот на доплата за личен дар, како и користењето, чувањето и евиденцијата на стварите што станале државна сопственост по пат на дар........................................................ | **2** |
| 4283. | **Уредба** за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година ..... | **5** |
| 4284. | **Одлука** за пренесување на право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје............................................... | **5** |
| 4285. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Е2-комунална супратструктура (станица за технички преглед со пратечки содржини) КО Куманово, Општина Куманово ....... | **6** |
| 4286. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на две фотонапонски електроцентрали ....................... | **6** |
| 4287. | **Одлука** за отворање на Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Република Косово со седиште во Гњилане ....................... | **6** |

Стр.

4288. **Одлука** за отворање на Почесен конзулат на Република Унгарија во Република Северна Македонија со седиште во Штип ............................... 6

4289. **Одлука** за утврдување на максималниот износ на нето задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2021 година .......... 7

4290. **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2021 година (*)................................ 7

4291. **Одлука** за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници во основните училишта кои можат да се стекнат со звања наставник-ментор за секоја општина и општина во Градот Скопје, за фискалната 2021 година.... 7

4292. **Одлука** за финансиска поддршка на самостојни уметници ..................... 8

4293. **Одлука** за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Државниот студентски дом „Никола Карев“ – Охрид .............................. 8

4294. **Програма** за изменување на Програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2020 година .................................... 9

4295. **Програма** за изменување на програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2020 година.................................................. 10

4296. **Програма** за изменување на Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2020 година........... 11

Стр.

4297. **Програма** за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2020 година ...................................................... 11

4298. **Програма** за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година ................................................. 12

4299. **Програма** за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2020 година......................... 13

4300. **Програма** за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2020 година ......................................... 14

4301. **Програма** за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2020 година ..................................... 14

4302. **Програма** за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2020 година ...................................................... 15

4303. **Програма** за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2020 година ................................................. 15

4304. **Решение** за именување на почесен конзул на Република Северна Македонија во Република Косово со седиште во Гњилане ........................... 18

4305. **Решение** за именување претседател, секретар и членови на Комисијата за оценка и предлог-кандидати за избор на членови на Комитетот за одобрување на инвестиции............ 18

4306. **Правилник** за изменување на Правилникот за лиценца за вршење на геодетски работи................................. 18

4307. **Решение** од Нотараска комора на Република Северна Македонија ......... 19

**Огласен дел** ........................................ 1-44

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**4282.**

Врз основа на член 56 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 декември 2020 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА КРИТЕРИУМИТЕ, НАЧИНОТ НА ДАВАЊЕ И ПРИМАЊЕ НА ДАРОВИ, ПРИЈАВУВАЊЕ НА ДАРОВИТЕ, НАЧИНОТ НА ПРОЦЕНА НА ДАРОВИТЕ, НАЧИНОТ НА ДОПЛАТА ЗА ЛИЧЕН ДАР, КАКО И КОРИСТЕЊЕТО, ЧУВАЊЕТО И ЕВИДЕНЦИЈАТА НА СТВАРИТЕ ШТО СТАНАЛЕ ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ПО ПАТ НА ДАР

Член 1

Во Уредбата за критериумите, начинот на давање и примање на дарови, пријавување на даровите, начинот на процена на даровите, начинот на доплата на личен дар, како и користењето, чувањето и евиденцијата на стварите што станале државна сопственост по пат на дар („Службен весник на Република Македонија“ бр.180/15), во членот 2 во точката 1 зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 2

Во членот 3 во ставот (1) зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Во ставот (2) зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Во ставот (3) зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 3

Во членот 4 зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 4

Во членот 5 во ставот (1) зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“, а зборовите „став (1) и (2)“ се заменуваат со зборовите „ ставови (1), (2) и (3)“.

Член 5

Во членот 6 во ставот (1) износот „100“ се заменува со износот „50“, а зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) Примениот пригоден дар од домашни физички и правни лица кој функционерите од став (1) на овој член го примаат во знак на соработка, благодарност или почит може да го задржат во сопственост, како личен дар, доколку вредноста на примениот пригоден дар не ја надминува вредноста од 20 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија .“

Ставот (2) кој станува став (3) се менува и гласи:

„ Дар чија вредност ја надминува вредноста од ставовите (1) и (2) на овој член, може да биде задржан во сопственост како личен дар, доколку функционерот на државниот орган ја доплати разликата до вредноста на дарот утврдена согласно член 5 став (3) од оваа уредба на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија.“

Ставот (3) станува став (4).

Член 6

Во членот 7 ставот (2) се менува и гласи:

„Пријавата за примен дар треба да ги содржи следните податоци:

- име и презиме на примателот на дарот,
- функцијата која ја извршува,
- назив на органот во кој ја врши функцијата,
- име и презиме и адреса на дарителот (назив и седиште на правното лице или органот, доколку дарот е даден во име на правно лице или орган),
- датум на прием на дарот,
- поводот за врачување на дарот,
- опис на дарот,
- во чија сопственост ќе биде дарот (приватна-личен дар или државна),
- датум на предавање на дарот на органот (доколку примателот на дарот одлучи дека дарот ќе стане ствар во државна сопственост),
- вредност на дарот ,
- место и датум на поднесување на пријавата за примен дар,
- потпис на примателот на дарот и
- печат и потпис на одговорното лице на органот од ставот (1) на овој член.“

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Формата и содржината на Пријавата од ставот (2) на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на оваа уредба .“

Член 7

Во членот 10 во ставот (1) зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Во ставот (4) зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Во ставот (5) зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 8

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12029/1
29 декември 2020 година
Скопје

Прв заменик на Претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Артан Груби,** с.р.

Прилог

| ПРИЈАВА ЗА ПРИМЕН ДАР | | | |
|---|---|---|---|
| Пополнува примателот на дарот | | | |
| 1. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | | |
| 2. | ФУНКЦИЈА | | |
| 3. | НАЗИВ НА ОРГАНОТ ВО КОЈ ЈА ВРШИ ФУНКЦИЈАТА | | |
| 4. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ И АДРЕСА НА ДАРИТЕЛОТ (назив и седиште на правното лице или органот, доколку дарот е даден во име на правно лице или орган) | | |
| 5. | ДАТУМ НА ПРИЕМ НА ДАРОТ | | |
| 6. | ПОВОД ЗА ВРАЧУВАЊЕ НА ДАРОТ | | |
| 7. | ОПИС НА ДАРОТ | | |
| 8. | ВО ЧИЈА СОПСТВЕНОСТ ЌЕ БИДЕ ДАРОТ | ПРИВАТНА-ЛИЧЕН ДАР | ДРЖАВНА |
| 9. | ДАТУМ НА ПРЕДАВАЊЕ НА ДАРОТ НА ОРГАНОТ (доколку примателот на дарот одлучи дека дарот ќе стане ствар во државна сопственост) | | |
| 10. | ВРЕДНОСТ НА ДАРОТ | | |

За точноста на податоците одговара примателот на дарот

Во_________________

На ден______________

Потпис на примателот на дар МП Потпис на одговорното лице

__________________________ __________________________

**4283.**

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 декември 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2020 ГОДИНА**

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 278/19, 13/20, 88/20, 111/20, 128/20, 153/20, 229/20, 242/20 и 309/20) во членот 2 став (2) во табелата во подмерка 1.1 во делот „поблиски критериуми и висина на директни плаќања“, алинејата 4 се менува и гласи:

„Висината на директни плаќања за ориз изнесува 25.000 денари по хектар, односно 30.000 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 5 хектари до максимум 50 хектари со или без задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал согласно минимално употребена количина на семе по хектар;“

Во алинејата 7 зборовите „и за ориз изнесува 18.000 денари по хектар без задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал“ се брише.

По подмерката „1.10-а.“ се додава нова подмерка „1.10-б.“ која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 1.10-б. | Дополнителни директни плаќања за произведено и предадено грозје за сортите Смедеревка, Вранец, Бургундец Црн, Станушина, Кратошија, Жилавка и Кадарка во регистрирани капацитети за производство на вино во Република Северна Македонија | Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои се корисници на подмерката 1.18. од оваа уредба и имаат површини под лозови насади и остварено производство од сортите: Смедеревка, Вранец, Бургундец Црн, Станушина, Кратошија, Жилавка и Кадарка од реколта 2020 година да е предадено во регистрирани капацитети за производство на вино во Република Северна Македонија. Корисниците на оваа подмерка не може да бидат корисници на подмерката 1.10-а. од оваа уредба.<br>Висината на дополнителните директни плаќања изнесува 2 денари по килограм. |

“

Во подмерката 1.18. во делот „поблиски критериуми и висина на директни плаќања“, алинејата 1 се менува и гласи:

„Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои се корисници по Програмите за финансиска поддршка во земјоделството за 2017, 2018 и 2019 година и истите не се корисници на останатите подмерки од член 2, став 3 и став 3 од оваа уредба, со исклучок на подмерката 1.10-б. од член 2 на оваа уредба“.

Член 2

Во членот 3 по ставот (25) се додава нов став (26) кој гласи:

„(26) Реализација на подмерката 1.10-б. од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година ќе се врши врз основа на податоци за предадени количини на винско грозје од сортите Смедеревка, Вранец, Бургундец Црн, Станушина, Кратошија, Жилавка и Кадарка од реколта 2020 година кои до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ќе ги достават регистрираните винарии во Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.”

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12849/1
29 декември 2020 година
Скопје

Прв заменик на Претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Артан Груби,** с.р.

---

**4284.**

Врз основа на член 87 став (5) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 декември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА – СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, се пренесува право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со вкупна површина од 232 м2, заради изградба на објекти предвидени со Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2020 година, на ГП бр. 4.17, кое претставува: КП бр. 13574/1, КО Центар 1, со површина од 54 м2, КП бр. 13574/3, КО Центар 1, со површина од 10 м2, запишани во Имотен лист бр. 45534 и КП бр. 13575/17, КО Центар 1, со површина од 168 м2, запишана во Имотен лист бр. 113987, согласно Извод од план бр. 379/2020, ДУП: Детален урбанистички план за „Градска Четврт И 04, Даре Џамбаз“, општина Центар – Скопје, бр. 27-2527/2 од 4.6.2020 година, донесен од Советот на општина

Центар, со Одлука бр. 08-2925/6 од 1.6.2019 година, заради изградба на објект со намена А2 – домување во станбени згради.

Член 2

Правото на сопственост на градежното земјиште од член 1 на оваа одлука се пренесува без надоместок.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-11543/1
29 декември 2020 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Artan Grubi,** с.р.

**4285.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19), а во врска со член 93 став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 декември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА Е2-КОМУНАЛНА СУПРАТСТРУКТУРА (СТАНИЦА ЗА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД СО ПРАТЕЧКИ СОДРЖИНИ) КО КУМАНОВО, ОПШТИНА КУМАНОВО**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Е2-комунална супратструктура (станица за технички преглед со пратечки содржини) КО Куманово, Општина Куманово.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 8110/2 | Куманово | Ул.116 | нива | 4 |
| 8108 | Куманово | Ул.116 | нива | 3 |
| 8111/3 | Куманово | Ул.116 | лозје | 2 |
| **Вкупна површина на земјиштето во плански опфат: 1128 $м^2$** | | | | |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-11618/1
29 декември 2020 година
Скопје

Прв заменик на Претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Артан Груби,** с.р.

**4286.**

Врз основа на член 17 став 5 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.153/19 и 261/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 декември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИЗГРАДБА, ФИНАНСИРАЊЕ, СТОПАНИСУВАЊЕ И ПРЕНОС НА ДВЕ ФОТОНАПОНСКИ ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на две фотонапонски електроцентрали, бр.02-5386/180/1 од 23.12.2020 година, донесена од Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје на состанокот одржан на 23.12.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12659/1
29 декември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**4287.**

Врз основа на член 7 алинеја 11 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 декември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО РЕПУБЛИКА КОСОВО СО СЕДИШТЕ ВО ГЊИЛАНЕ**

Член 1

Република Северна Македонија отвора Почесен конзулат во Република Косово, со седиште во Гњилане.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 44-12774/1
29 декември 2020 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Artan Grubi,** с.р.

**4288.**

Врз основа на член 86 став 3 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 декември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА УНГАРИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО СЕДИШТЕ ВО ШТИП**

Член 1

Се отвора Почесен конзулат на Република Унгарија во Република Северна Македонија со седиште во Штип.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12775/1
29 декември 2020 година
Скопје

Прв заменик на Претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Артан Груби,** с.р.

---

**4289.**

Врз основа на член 18 став (4) од Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 декември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС НА НЕТО ЗАДОЛЖУВАЊЕ ПРЕКУ ИЗДАВАЊЕ НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА ДОМАШНИОТ ФИНАНСИСКИ ПАЗАР ВО 2021 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се утврдува максималниот износ на нето задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар кои во името на Република Северна Македонија ќе ги издава Министерството за финансии во 2021 година.

2. Максималниот износ на нето задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2021 година ќе изнесува 18.448.000.000,00 (осумнаесет милијарди четиристотини и четириесет и осум милиони) денари.

3. Издавањето на државните хартии од вредност се врши согласно Календарот за планираните емисии на државните хартии од вредност кој го утврдува и објавува Министерството за финансии на почетокот на периодот за кој се однесува.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2021 година.

Бр. 44-12776/1
29 декември 2020 година
Скопје

Прв заменик на Претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Артан Груби,** с.р.

**4290.**

Врз основа на член 5 став 1 од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15, 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 декември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА ЗА 2021 ГОДИНА (*)**

Член 1

Во Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2021 година (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 282/20) во членот 1 во Царинската тарифа во II. Табела на царински давачки Оддел VI Глава 30 во табелата во тарифниот број 3002 тарифниот став со тарифна ознака 3002 20 00 00 се брише и се додава нов тарифен подброј 3002 20 и два нови тарифни ставови со тарифни ознаки 3002 20 10 00 и 3002 20 90 00, кои гласат:

„

| Тар. ознака | Наименување | Цар.дав.% | Ед.мер. |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 3002 20 | - Вакцини за хумана медицина: | | |
| □3002 20 10 00 | -- Вакцини против коронавируси поврзани со SARS (SARS CoV видови) | сл | p/st |
| □3002 20 90 00 | -- Други | сл | Kg |

“.

Во Одделот XI Глава 63 во табелата во тарифниот број 6307, тарифниот став со тарифна ознака 6307 90 93 00 се менува и гласи:

„

| Тар. ознака | Наименување | Цар.дав.% | Ед.мер. |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| □6307 90 93 00 | ----- Маски за лице со филтер (FFP) согласно стандард EN149; други маски што се во согласност со слични стандарди за маски како респираторни заштитни уреди за заштита од честички | 17,5 | p/st |

“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2021 година.

Бр. 44-12816/1
29 декември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**4291.**

Врз основа на член 32 став (4) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.161/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 декември 2020 година, донесе

---

* Со оваа одлука се врши усогласување со Регулативата (EEC) бр.2159 на ЕУ од 21.12.2020 година, за дополнување на Анекс 1 од Регулативата на Комисијата (EEC) бр.2658/87 на тарифната и статистичката номенклатура и Заедничката царинска тарифа, (CELEX бр. 32020R2159).

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА НАСТАВНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА КОИ МОЖАТ ДА СЕ СТЕКНАТ СО ЗВАЊА НАСТАВНИК-МЕНТОР ЗА СЕКОЈА ОПШТИНА И ОПШТИНА ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ, ЗА ФИСКАЛНАТА 2021 ГОДИНА**

1. Се дава согласност на Решението за определување на бројот на наставници во основните училишта кои можат да се стекнат со звања наставник-ментор за секоја општина и општина во Градот Скопје, за фискалната 2021 година, со бр.18-15212/1 од 28.12.2020 година.

2. Ова одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12844/1
29 декември 2020 година
Скопје

Прв заменик на Претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Артан Груби,** с.р.

---

**4292.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 декември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА САМОСТОЈНИ УМЕТНИЦИ**

Член 1

Со оваа одлука се уредува финансиската поддршка на самостојните уметници за период од три месеци, во месечен нето износ од 14.500,00 денари, во вкупен износ не поголем од 6.050.000 денари.

Член 2

На самостојните уметници кои согласно член 16 став (3) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), се стекнале со право на доделување на месечни надоместоци од буџетот на Министерството за култура за 2020 година во висина на средствата за придонеси за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и за персонален данок на доход, им се доделува финансиска поддршка за период од три месеци, во месечен нето износ од 14.500,00 денари.

Финансиската поддршка од став 1 на овој член не можат да ја остварат самостојните уметници кои добиле финансиска поддршка согласно Одлуката за финансиска поддршка на уметници и на културни работници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 297/20) и Одлуката за финансиска поддршка на филмски работници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 297/20).

Исплата на средства за финансиска поддршка врши Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, согласно член 6 од Уредбата со законска сила за формирање на Фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот Covid-19, на сметка на самостојниот уметник.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12847/1
29 декември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**4293.**

Врз основа на член 9-а став (6) од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 35/11, 84/12, 43/14 и 83/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 декември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА ДРЖАВНИОТ СТУДЕНТСКИ ДОМ „НИКОЛА КАРЕВ“ – ОХРИД**

Член 1

Со оваа одлука, на Државниот студентски дом „Никола Карев“ - Охрид од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати се отстапуваат без надомест, 20.000 литри Екстра лесно масло ЕЛ – 1, потребно за обезбедување на греење и непречено работење на Државниот студентски дом „Никола Карев“ – Охрид.

Член 2

Трошоците за испорака, односно транспортните и манипулативните трошоци за преземање на отстапените нафтени деривати од член 1 на оваа одлука паѓаат на товар на Државниот студентски дом „Никола Карев“ - Охрид.

Член 3

Се задолжува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12850/1
29 декември 2020 година
Скопје

Прв заменик на Претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Артан Груби,** с.р.

**4294.**

Врз основа на член 16 став (1) точка 10 и став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 декември 2020 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ИНСУЛИН, ГЛУКАГОН, ИНСУЛИНСКИ ИГЛИ, ЛЕНТИ ЗА МЕРЕЊЕ ШЕЌЕР И ЕДУКАЦИЈА ЗА ТРЕТМАН И КОНТРОЛА НА ДИЈАБЕТЕСОТ ЗА 2020 ГОДИНА**

1. Во Програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.278/19), во дел III. ПОТРЕБНИ ТИПОВИ И КОЛИЧИНИ НА ИНСУЛИН, ГЛУКАГОН, ИНСУЛИНСКИ ИГЛИ, ЛЕНТИ ЗА МЕРЕЊЕ ШЕЌЕР И ЕДУКАЦИЈА ЗА ТРЕТМАН И КОНТРОЛА НА ДИЈАБЕТЕС ЗА 2020 ГОДИНА во точката 1. Финансиски средства кои се потребни за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење на шеќерот во крвта за 2020 година износот „749.655.000,00” се заменува со „881.755.000,00”.

Во точката 4 Табелата се заменува со нова табела која гласи:

“

| | Рекапитулар | *Денари* |
|---|---|---|
| 1 | **Финансиски средства кои се потребни за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење на шеќерот во крвта за 2020 година** | **881.755.000,00** |
| 2 | **Камп за едукација на деца со дијабетес** | **185.000,00** |
| 3 | **Едукација за исхрана и физичка активност на високообразовни установи, средни и основни училишта** | **60.000,00** |
| 4 | **Изработка на брошури и флаери за дијабетес** | **100.000,00** |
| | **Вкупно потребни средства од Буџетот на Република Северна Македонија** | **882.100.000,00** |

“

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-11654/1
29 декември 2020 година
Скопје

Прв заменик на Претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Артан Груби,** с.р.

**4295.**

Врз основа на член 16 став (2) и став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 декември 2020 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИТЕ И СТУДЕНТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА**

1. Во Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 277/19), во делот Vl. „Потребни финансиски средства‘‘ табелата се заменува со нова табела, која гласи:

| | ПРОГРАМА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ | Потребни финансиски средства |
|---|---|---|
| 1 | Партиципација за осигурани студенти и ученици како и за лица од 7-18 години неопфатени во образовниот системза извршени систематски прегледи која се трансферира до ЈЗУ | 3.670.000,00 |
| 2 | Општ систематски преглед, систематски стоматолошки и лабораториски систематски прегледи на неосигурани лица од 7-18 години неопфатени во образовниот систем.<br>1000 прегледи х 400 ден. | 400.000,00 |
| 3 | Превентивни прегледи за рана дијагностика на пречки во равојот на слух , говор и глас кај деца<br>3500 прегледи х 500 ден. | 1.750.000,00 |
| 4 | 4.1. Средства за стоматолошки материјал за заштита (залевање, запечатување) на првите трајни молари кај децата во прво одделение. | 2.000.000,00 |
| | 4.2. Средства за пасти за локална примена кај деца со посебни потреби наменети за превенција од кариес (за деца со посебни потреби до 14 години и со тежок вид на ментална и физичка попреченост во развојот). | 1.500.000,00 |
| 5 | Доставување на извештај со анализа и коментар за систематските прегледи извршени во 2018 година (ИЈЗ) | 50.000,00 |
| | Од основен Буџет на Република Македонија за 2019 година | 5.600.000,00 |
| | Од самофинансирачки средства на Министерството за здравство | 3.000.000,00 |
| | Од донации | 770.000,00 |
| | ВКУПНО | 9.370.000,00 |

“

Во делот Vll. „Финансирање‘‘ во ставот 1 износот „10.770.000,00‘‘ се заменува со износот „9.370.000,00‘‘, а износот „7.000.000,00‘‘ се заменува со износот „5.600.000,00‘‘.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 44-12128/1
29 декември 2020 година
Скопје

Прв заменик на Претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Артан Груби,** с.р.

---

**4296.**

